**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Сто и десетата седница на Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 25 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Сто и десетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓулистана Марковска, Данило Глигоровски, Горанчо Трајков, Димитар Батковски, Борче Сибиновски и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници, и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македионија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе изменвуањето и дополнвуањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот ви е доставен. Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Има збор г. Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2002 година се предлага поради состојбите на нивото на платите и динамиката на платите кај буџетските корисници и јавните здравствени установи, како и постигната согласност помеѓу социјалните партнери за утврдување на најниската плата и со таа цел се предлага овој закон да се донесе по итна постапка.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, од кои 59 за, 5 воздржано, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г. Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Овој закон го предлагаме по итна постапка поради потребата од усогласување со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, од кои 59 за, 5 воздржано, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во РМ.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г. Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Од истите причини поради потребата од усоглсување со измените и дополнувањето на Буџетот на РМ за 2002 година се предлага по итна постапка да се донесе и овој закон.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. Гласале вкупно 63 пратеници, од кои 54 за, 6 воздржано, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворние приходи на јавните потреби за 2002 година.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г. Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Исто така поради неодложната потреба од усогласување со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РМ за 2002 година, предлагаме овој закон да оди по итна постапка.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, од кои 62 за, 7 воздржано, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Предлогот на овој закон ви е доставен. Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон. Има збор г. Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Исто така овој закон по итна постапка предлагаме да се донесе поради потрбата од усогласување со Законот за фондот за земјоделство и усогласување со изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РМ за 2002 година.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, од кои 59 за, 9 воздржано, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Кој е претставник на Владата по овој закон?

По оваа точка малку подоцна ќе расправаме, бидејќи не е од областа на Министерството за финансии.

Повикајте го претставникот од Министерството да присуствува по оваа точка.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за гаранција на РМ по Договорот за термински условена продажба на акции при приватизацијата на Електростопанството на Македонија.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор г. Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Галама е, не се слуша, ако зборуваме за Предлогот за донесување

на Закон за гаранција на РМ по Договорот за терминска продажба на акции, за тоа ли зборуваме, не се слуша...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, за акции при приватизацијата на Електростопанството на Македонија.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Итноста во овој случај ја овозможуваме со тоа што ова е начин дел од акциите да се продадат порано, порано да се произведат средства и на некој начин да влезе еден сериозен инвеститор со реноме во светот, да влезе како акционер, со можност кога ќе се заврши приватизацијата да може и да излезе од тој процес.

Тоа е накратко.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Процедурално бара г-ца Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Благодарам. Како процедурално би сакала да забележам дека пратеничката група на СДСМ има резерви околу гласањето на закон кој по итна постапка би требало да ги овозможи гаранциите на РМ, кон Европската банка за обнова и развој за средства кои би биле добиени со овој спомнат Договор кој е спомнат во Предлог законот, но кој не можеме да го видиме ниту за него имаме некакви поконкретни информации.

Апсолутно нема дилеми дека е потребно и корисно за РМ, па и за Електростопанството доколку е можно да се приберат дополнителни средства кои би се инвестирале на соодветен начин, иако тоа не стои во законот.

Исто така позитивен е фактот дека Европската банка за обнова и развој во тој случај би влегла како сериозен инвеститор во процесот на приватизација кој сеуште како прашање не сме го отвориле ниту затвориле во ова Собрание. Меѓутоа, имаме сериозни дилеми околу целата итна процедура која би значела прифаќање на гаранции во име на РМ, а од друга страна непознавање на позадината на целиот предлог.

Имено, законот предвидува дека Владата на РМ, ќе треба да ги врати овие средства доколку во предвидениот рок за приватизација на Електростопанството од Македонија кое стои овде дека е утврден со Договорот тие не бидат извршени односно приватизацијата не се заврши.

Се поставува прашањето дали не грешиме во чекорите? Имено во ова Собрание е поднесен Предлогот за измени на Законот за енергетика во кој се отвора прашањето за приватизација на Електростопанството на Македонија и тоа прашање овде не сме го дефинирале.

Значи, со овој закон ќе ги превземеме обврските за приватизација која Владата и Електростопанството на Македонија ја договориле со Европската банка за обнова и развој без притоа тој договор да ни биде даден на увид. Заради тоа предлагаме пред да дојде оваа точка на дневен ред или пред таа да се постави пред Македонското Собрание, пред Макеоднското Собрание да се изјасни за неа да ни биде доставен на увид Договорот, а дури потоа да дискутираме за ова прашање за да знаеме какви обврски се превземени. Инаку, вака ќе гласаме дека сме ги презеле обврските, а не знаеме кои се тие обврски.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот овојо закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеника, од кои 50 за, 9 воздржано, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Пратениците Данило Глигоровски и Јани Макрадули предлгаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на декларација за забрзан развој на информатичко општество, дигитална економија во РМ, како национален приорите.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници, од кои 60 за, 4 воздржано, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен

Министерот за финансии бара збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Господине претседателе, би замолил, доколку е можно, уште два закони кои се донесени од Владата и испратени до Парламентот да бидат уврстени во овој дневен ред. Тоа се:

Законот за одликувања и признанија на РМ.

Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење.

Би предложил на крајот на дневниот ред, ако може, овие две точќи да бидат вметнати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министре, сега јас ова ќе го прочитам, а потоа еден по еден законите што ги предлагате ќе ги ставам на изјаснување.

Прво, да ви го прочитам предлогот на дневниот ред.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година;
2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година;
3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;
4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите;
6. Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година;
7. Предлог на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Дали добивме претставник за оваа точка. Ова произлегува од некои меѓународни обврски на земјата, не одговараме само за себе, туку и за некои други.

Затоа викнете го претставникот на Владата да дојде веднаш овде.

(Пауза од 15 минути)

Претставници се Ѓорѓи Оровчанец, Владимир Џабирски, Муарем Неџипи или Марјан Додовски. Кој и да е еден од нив да дојде.

(седницата прекина со работа во 15,55 часот, поради дадена пауза да дојде претставник од Владата по точката 7).

(По паузата)

(Седницата прекина  со работа во 15,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, пратениците нека влезат во салата. Господинот Краљевски се јави процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги, бидејќи има најава да се дополни дневниот ред со уште некоја точка, а заради дополнителни консултации барам пауза од половина час, за да се извршат тие консултации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од половина час.

(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 17,45 часот)

Имаме доволен број на пратеници и можеме да продолжиме со работа.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијативна радиоактивна сигурност.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор заменик министерот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Благодарам претседателе.

Со оглед на фактот дека овој закон на неколку наврати беше ставен на собраниска седница, меѓу кои беше и на 14-та седница, а се работи за итност на донесување на овој закон, пред се, заради нашата обврска кон Мегународната агенција за атомска енергија, пред се, за донациите кои ги очекуваме во овој период, затоа

предлагаме овој закон да биде донесен по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 60 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Сборанието го усвои предлогот. Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за изменување и дополнвување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година,

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година;

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите;

6. Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година.

7. Предлог на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;

8. Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по договорот за терминска условена продажба на акции при приватизацијата на Електростопанство на Македонија;

9. Барање за давање на автентично толкување на член 55 од Законот за судовите, а во врска со одредбата на член 53 став 2 од Законот за работните односи, поднесен од претседателите на Републичкиот судски совет и на Основниот суд Скопје 1Скопје;

10. Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 2 од Законот за платниот промет, поднесен од Народната банка на Република Македонија;

11. Барање за давање на автентично толкување на член 7 од Законот за штрајк поднесен од АД "Винка" - Виница;

12. Предлог на декларација за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет.

Дали некој има предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави министерот за финансии господин Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Предлагам ако може да се стави на дневен ред и Законот за одликување и признанија на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам повторете го овој закон уште еднаш.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Предлог за донесување на закон за одликување и признанија на Република Македонија, со Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на претставникот на Владата го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за гласаа 47 пратеници, воздржано гласаа 16 пратеници, против гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Молам, да го чуеме другиот предлог.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прелдог за донесување по итна постапка на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за проектот за реформа во јавниот сектор, со Предлог на закон,

Ова е итно, бидејќи на бордот на Светската банка е веќе поминато а се работи за 15 милиони долари заем, со десет милиони долари гранд од Холандија. Така нема ниедна причина да не го завршиме, затоа што веќе сите предуслови што беа поставени од страна на Светската банка Владата ги заврши и останува уште

да помине на Парламентот. Ова е поврзано со реформата во државната администрација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 77 пратеници, за гласале 52 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници, против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот. Молам понатаму.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Има уште еден, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Итноста е заради рокот на стапување на сила. Предлагаме наместо 1 август да биде 1 октомври со што ќе се избегне изборната тензија да се рефлектира на евентуалното девизни одливи и приливи од земјата, што можеби е мал ризик, но сепак не е лошо, а беше и сугестија на меѓународните финансиски институции да го поместиме за веднаш после изборите и регулирање на статусот на тоа што ќе го направиме во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, за гласаа 52, воздржано гласаа 9 пратеници, против гласаа 14 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За збор се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри во Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

Поаѓајќи од обврските и одговорноста како пратеници кои ги имаме пред сопствениот македонски народ, барам од вас колегите пратеници да се дополни дневниот ред со следната точка. Бидејќи ретко така Владата била комплетна како денес, има еден министер и повеќе заменици помошници, така што би рекол да биде приоритетно оваа точка и тоа:

Информација за откупната политика, пласманот и цените на градинарските односно земјоделските производи. Тоа се мисли дека тој проблем е на ниво на Република Македонија, голем број на граѓани кои инсистираат, кои имаат основна егзистенција и се бават со градинарско производство, односно со земјоделско производство, пред се мислам на земјоделските производи, домати, пиперки, бостан, компир, краставици и тн. Посебно кога се наоѓаме во жестоката кампања Биди земјоделец, поголема демагогија од ова нема кога знаеме денес бостанот на кванташките пазари ширум Република Македонија, ни повеќе,ни помалку е 3 денари по килограм, доматите 12 денари, пиперки, компир 3 денари и тн. Затоа, мислам нема поактуелно сериозно прашање што треба овој Парламент денес да се забави, Владата на Република Македонија, пред се. мислам на Министерството за економија, Министерството за земјоделство, Министерството за финансии. Зарем можеме да бидеме овде како пратеници, народни избраници мирни кога знаеме производителите на овие земјоделски производи по повеќе денови чекаат на граничните премини. Зарем може мирно да спие министерот за економија, министерот за надворешни работи и министерот за внатрешни работи. Тоа производство кое секој ден калира, секој ден се распаѓа, а знаеме дека повеќе дале трошоци, имаат повеќе расходи по единица производ, дали е тоа бостан, пиперка, домати, отколку тоа што ќе го пласираат. Само за илустрација да ви кажам бостанот во 1998 година беше двоструко поскап од 1996 година, кога беше 80 денара, а денес е 40 денари. Замислете три денари килограм бостан и да неможе да се продаде. Замислете, бев сведок на еден пазар во Струмица, во Радовиш, во Кавадарци кога краставиците ги молеа некој да ги земе бесплатно. Затоа, мислам дека нема поприоритетно прашање за ова прашање да го поставиме на дневен ред. Мислам господине Груевски, господине Горчев и останатите заменици и помошници, ова прашање е поприоритетно за граѓаните на Република Македонија отколку прашањето Предлог законот за одликувале, што го предложи министерот за финансии Никола Груевски. Мислам дека тоа прашање и од другите закони има поголем приоритет. Затоа, дел од законите кои ги предложи министерот за финансии Груевски, бев воздржан и ги поддржав и затоа барам госпдине министер, господо министри, ова мое прашање Информација да го поддржите и

вие колеги пратеници, бидејќи тоа е прашање за народот кој ни дал доверба овде да седиме. Мислам дека или ќе го подржите при гласањето или на овој народ ќе помогнеме на овие граѓани, или кампањата Биди земјоделец е повеќе отколку демагогија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам претставник на Владата, кој ќе се изјасни по ова прашање.,

За збор се јави господинот Петар Дуљаново.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би ја прифатиле оваа точка на дневен ред но за една од наредните седници, не за оваа. Мислам, затоа што за една ваква точка треба да се направи одредена анализа и одредени согледувања за да може да се дојде до одредени податоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот е да се уврсти во дневниот ред, а во текот на оваа седница, ако не заврши денес, да може да се достави таква информација. Јас така го разбрав господинот Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека оваа точка би требало и на Влада да помине за да се подготви материјалот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа каде ви минува е ваша работа. Значи, вие немате против.

Молам, да гласаме за предлогот.

Вкупно гласаа 7 8 пратеници, за гласаа 44 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, против гласаа 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот. За збор се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Најпрво, се заблагодарувам на принципелната ваша поддршка, но принципиелноста од страна на пратениците беше, а ја молам сега Валдата најискрено да дојде на дневен ред да расправаме, да помогнеме на овој македонски народ кој се бави со производство на овие градинарски производи. Кога реков македонски, мислам на сите граѓани во Република Македонија, македонци, албанци, турци, срби и тн.

Вториот предлог, барам Владатаѕ на Република Македонија од денес па до сушните периоди кои траат да има чувство на обврска и одговорност, бидејќи поголем дел на општини во Македонија, посебно во Источниот дел на Македонија, не би сакал да го издвојувам посебно Радовиш, има месни организации и општини што немаат вода за пиење. За многу мали пари тоа прашање може да се реши, на пример до десетина илјади марки или евра каде што има бунари за вода. Општините немаат средства да набават пумпа итн. Мислам дека некое најсоодветно адекватно министерство, дали ќе биде тоа за економија, дали ќе биде за животна средина или Министерство за финансии. На пример, во Ралник 24 часа луѓето се мачат за вода за пиење, во поедини месни организации, како што е Калугерица, еве два месеци немаат луѓето вода за пиење и не се во состојба да издвојат десе тина илјади марки затоа што се наогаат на работа на егзистенцијата. Затоа, мислам дека во овие најтешки моменти на граѓаните треба да им овозможиме барем едни минимални барања, а за толку мислам дека можеме во ребалансот на Буџетот да предвидеме такви средства и од некои фондови.Тоа оперативно кога Советот, градоначалниците, месните организации се јавуваат до соодветни министерства на Владата па Република Македонија оперативно веднаш да ги решаваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само јас незнам сега што да дадам на изјаснување на Собранието. Сметам дека ова излагање на господин Чифлиганец ќе го симнеме од стенограм и ќе го испратам до Владата.

Молам, сленото прашање.

По ова прашање немаме претрес.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе, така требаше и од почетокот Владата на Република Македонија како Парламент да ја задолжуваме,а тие да ги извршуваат нашите предлози и барање на информација.

Последно и ви благодарам на оперативноста што ми помогнавте во врска со тоа прашаше, последно прашање уште еднаш да ми помогнете и ве молам стенограмот да го симнете и да го доставите до Владата на Република Македонија. До кога повеќе месеци ќе чекам од 8 поставени пратенички прашања, 6 пратенички прашања немам одговор. Ве молам да го симнете од стенограм, за да ја задолжите Владата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Господин Тодоровски Павле.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министри, претставници на Влада. Барам од Владата да изготви информација за последиците од ниските зимски температури кои изнесуваа од минус 22 до минус 26. Во декември,јануари и пролетните ниски температури кога поголем број такви култури беа во фаза на полно цветење или прецветување. Тоа, во месец април кога температурата падна на минус 4 па до минус 9. Од овие елементарни непогоди на ниски температури беа нанесени катастрофални штети на 4 кљјади хектари лозови насади и 40 до 50 хектари овошни насади во кавадаречка општина, а во Росоман на 580 хектари лозови насади и 468 хектари овошни насади, претежно праски. Просечниот процент на измрзнување на лозовите насади е 72%, а некаде достигнуваше и преку 90%. Вкупната штета во општина Кавадарди изнесува 687 милиони денари, а во оштина Росоман 225 180 милиони денари.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:** (продолжение)

Оваа сума е добиена врз база на постигнати просечни приноси. Штетата во двете општини е преку 60% од вкупната штета што е настаната во целата Република во гранката овоштарство и лозарство. Проценката ја вршеа стручни комисии, во соработка со катедрата за лозарство и овоштарство при земјоделскиот факултет.

Јас барам од Владата да ја разгледа оваа елементарна непогода и во границите на нејзините можности да обезбеди паричен надомест и надомест во репроматеријали, за да може да остане лозарството и овоштарството, кои се главно занимање на жителите на општините Кавадарци и Росоман.

Комплетните извештаи за настанатите штети се доставени во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот претставник од Владата Бедредин Ибрахими.

**БЕДРЕДИН ИБРАХИМИ:**

Пратеникот беше јасен дека одредени извештаи за настанатите штети се доставени до ресорното министерство, односно Министерството за земјоделие. Се прифаќа да се изготви таква информација и евентуални мерка за надомест на штети настанати, спомнати од страна на пратеникот.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Јас мислам да се изготви информаицја, да дојде на дневен ред и по таа информација да се донесат заклучоци и да биде известена јавноста и граѓаните.

Бидејќи јас сум задолжен од општинскиот совет на општина Кавадарци и општинскиот совет на општина Росоман, со нивни заклучоци по ова прашање да се дебатира во Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Тодоровски го ставам на гласање

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 48 пратеници, воздржано гласале 23 пратеника, а против гласале 8 пратеника.

Констатирма дека предлогот на г-динот Тодоровски е усвоен.

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Колеги пратнеици. Знаете дека пред два месеца барав толкување за законот за амнестија.

Јас се извинувам, бидејќи темата е за економија, меѓутоа по Деловникот треба да се постави ова прашање на нова седница, а незнам кога ќе има нова наредна седница.

Имаме ситуација каде што...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за автентично толкување на предлогот, а предлага овде само Комисијата.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Меѓутоа, постапката е многу одолговлечена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анушев не можете сега за тоа да дискутирате.Што барате? Што предлагате

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Прво ќе направам увод па потоа да предложам.

Предлагам на дневен ред да се внесе точка, да се извести овој парламент дали Законот за амнестија важи за сите граѓани на Репбулика Македонија, или е ограничено само за припадниците на ОНА, односно на Албанците Ве молам, бидејќи

во овој состав е гласан Законот за амнестија, немаме потреба од разни правни толкувања, затоа што 380 припадници на ОНА беа ослободени во рок од 8 дена по различни списоци. Јас разговарав со министерот и покрај интервенцијата од претседателот на Собрнаието, тој се изјасни дека немаме шанса да добиеме одговор од него затоа што овие биле шверцери на оружје. Јас незнам тие 380 албанци од каде им дошло оружјето. Дали го шверцувале или во Македонија постоеше. Овој состав на парламентот го донесе тој закон за амнестија и јас барам овој состав да се изјасни: дали гласаше само за припадниците на ОНА, или гласаше за сите граѓани на РМ.

Ве молам колеги и колеги албанци да ми дадете поддршка, затоа што ова не е вперено против никого, туку е по иста основа, меѓу кои има и припадници од службата за безбедност кои се во затвор. Барам оваа точка да биде на дневен ред да се изјасниме денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме. Ова е важно прашање, меѓутоа, мора да има форма во која може да дојде на дневен ред. Затоа предлагам претседателот на ЗПК да го оформат прашањето како предлог за автентично толкување, нека се покрена од надлежна институција, за да може овде да дојде на седницата која имам намера да ја закажам за 5 јули.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам два предлога за дополнување на овој дневен ред.

Првиот предлог е да се стави на дневен ред на оваа седница Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиски трансакции кој го имаме доставено до Собранието и кој е ставен на 106-та седница, која никогаш досега не е започната за жал. Зошто предлагам да се стави тој предлог на дневен ред денеска? Ние со тој предлог на закон предлагаме законот за финансиски трансакции да не важи за трансакциите кои се собирани наплаќање и дистрибуција на средства на парите од солидарниот фонд на пензионерите по 100 денари што се одбива од нивната плата во здружението на пензионерите.

Во консултација со ова здружение дојдовме до сознание дека тие средства се наплаќаат и се за пензионерите големи средства меѓутоа, за Буџетот на РМ, се незначителен приход, а секако се големи средства за пензионерите, затоа што тие кога средствата од 100 денари ги одвојуваат, при одвојувањето до конечното трансферирање во здружението на пензионери се обавуваат четири финансиски трансакции и на секој од нив се наплаќа данокот на финансиските трансакции кој е 0,5, што значи дека средствата масовно се одлеваат од таму.

Ова го барам на денешната седница, з атоа што денеска Владата на РМ, го има предложено ребалансот на Буџетот на РМ, за 2002 година, во која ме информира дека по основ на сите други даноци, особено по основ на ДДВ и останатите имаат надминување за првите шест месеци, на од прилика 3 милијарди денари наплата, што е очигледен доказ дека даноците во Македонија издашно се наплатуваат од страна на Владата и дека нема потреба понатаму да се наплаќаат таму каде што Владата немаше потреба данокот да го наплати.

Од тие причини, барам Законот денеска да се стави на 110 седница, со цел Собранието да го усвои и да се ослободат пензионерите од данокот за финансиски трансакции од средствата за солидарниот фонд. Владата на време достави образложение дека тие средства не сака да ги наплатува од Буџетот, меѓутоа, после образложението што го имаме за Ребаланс на Буџетот, каде што очигледно е дека имаме огромни приходи во планирњето по други основи, јас мислам дека овој закон треба да се најде на дневен ред и денеска.

Второто барање ќе биде веројатно по гласањето. Имам и второ барање и за тоа ќе ве замолам да ми дадете збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да даде одговор.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не го прифаќаме овој предлог да биде на оваа седница, од причина што сметаме дека нема потреба и ние сме во тек да се реши ова прашање и исто напомнуваме дека има правно толкување за третманот на овој закон. Затоа сметам дкеа нема правна основа овој закон да се стави на дневен ред на оваа седница.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Некоректно беше објаснувањето со врска со барањето.

Господине заменик, јас не барам Собранието да утврди правно толкување на законот да се ослободат овие. Мене ми е јасно дека вие право го толкувате законот

дека мора да се наплаќаат овие финансиски трансакции на солидарниот фонд. Токму така, ние бараме Законот да се промени да се изгради правната основа за толкување за наплата на тие приходи, особено кога имате таков суфицит. Значи, сосема е друго барањето. и во овие услови кога власта одбива, барам од пратениците да имаат увид, односно да имаат респект кон парите за пензионерите кои служат за погребнина особено кога во Буџетот има таков голем вишок на средства.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека овој закон е со правилник регулиран и нема потреба сега да биде ставено на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали вие се согласувате овој закон да се уврсти во дневвот ред или не.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Поповски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратнеици, за гласале 26 пратнеици, воздржано гласале 17 пратеници, а против гласале 32 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Предлагам на денешната седница на дневен ред да се уврсти предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со предлог закон кој на ова Собрание е утврден на 104 седница, меѓутоа после три месеци сеуште не е дојден на расправа од други причини.

Со оглед на тоа дека денеска Владата ни понуди ребаланс на Буџетот, кој ги опфаќа социјалните трансвери на државата, во кој ги опфаќа платите на од прилика 100 илјади вработени во државната администрација и други давачки по тој основ, сметам дека е сега време Парламентот да го стави на дневен ред и веќе утврдениот закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, за да може да се инкорпорира во овој пакет на зголемување на плати и социјалните давачки и давачките кон оние луѓе од претпријатијата загубари, што останаа во стечај, а содржината на законот Ви е позната и веќе утврдено на дневен ред и барам да се префрли на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Бедредин Ибрахими.

**БЕДРЕДИН ИБРАХИМИ:**

Предлогот не се прифаќа. Со оглед на тоа дека се работи за вака важен закон, ставен е во собраниска процедура и нормално тече по таа процедура. Инаку, со синдикатите сме во разговори и преговори, имаме одредено разбирање во однос на прашањето кој го третира предлогот за изменување и дополнување на Законот за вработување во случај на невработе ност. Така што, не е време сега при крај на мандатот на овој парламент да се собираат поени на ваков начин. Мислам дека Владата тоа го има предвид и ваквиот предлог не го прифаќа на оваа седница да се расправа за тој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на г-динот Поповски, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратеници, за гласале 25 пратеника, воздржано гласале 18 пратеника, а против гласале 35 пратеника.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали господинот Поповски има уште предлози? (Нема)

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, Владат ана РМ, на ден 12 овој месец достави до Собранието предлог на закон за адвокатура.

Во решението на претседателот на Собранието овој закон не е ставен иако Владата бара да биде ставен на првата наредна седница.

Колеги пратеници зошто сакам да предложам да биде ставен на дневен ред овој закон. Не е спорно дека законот е донесен на 30 декември 1992 година, кој е сега на сила, а е донесен после усвојувањето на Уставот на Република Македонија на 17.11.1991 година.

Иако како пратеници тогаш бевме обврзани законот за адвокатура да биде во согланост со Уставот, посебно со членот 53

од Уставот, каде дословно стои дека адвокатурата е самостојна и независна служба што обезбедува правна помош иако имаме ваква уставна одредба дозволивме правна помош да пружат во Македонија кој сака и на кој ќе му текне и по кој било основ.

Затоа, Владата најде за сходно да му предложи на Собранието овој закон во овој состав на парламентот да го донесеме.

Што е причината да не дојде, односно овој закон да не биде ставен на дневен ред. Не сакам да го коментирам, меѓутоа, барам од вас поддршка, законот да влезе во процедура на оваа седница и по неа во работно време по завршување на седницата да се заврши и оваа постапка со усвојување на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со оглед на тоа дека Владата по поднесени амандмани кои се дадени нема изградено став, туку ќе го изгради деновиве, од Владата имам информации дека тие се задоволни, ако на првата наредна седница која имам намера да ја свикам за 5 јули да ја уврстиме и оваа точка во дневниот ред. Тоа е објаснувањето господине Стојановски.

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на ваквото толкување ваше и вашиот став, господине претседателе, јас ќе прифатам да се одлучува и оваа точка на дневен ред односно мојот предлог да биде на седницата што ќе биде закажана за 5 јули, а тогаш по мое сознание ќе биде и предлог за Државната изборна комисија. Да бидеме одговорни, предлагам оваа точка да биде прва, а потоа да се разгледуваат другите точки, да не направиме некоја замка само за едното да се одлучи, а другото да не може.

Затоа останувам при предлогот да се уврсти како прва точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ние ќе го утврдиме редоследот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, ценејќи дека во овој момент не можеме да ја ставиме точката од овој тип што јас ја барам, имено станува збор за стручна работа. Сведоци сме дека она што се случува деновиве во Овчеполието, станува збор за непозната болест, или не знам што се случува, се работи за повеќе илјадници хектари и замолен сум од повеќе илјадници индивидуални земјоделци, комбинати и акционерски друштва од Овчеполието, од Велес, од Штип, од Пробиштип, скоро целиот источен регион, дури дел и од Куманово, да се отвори прашањето за болеста која не можат да ја утврдат ниту стручните луѓе. Имам информации дека деновиве работат стручни експерти на теренот. И барањето би било после завршувањето на работата на експертите до Министерството за земјоделие, односно до Владата на Република Македонија на првата наредна седница да ги разгледа извештаите на стручните и компетентни екипи и да предложи мерки за санација на штетите од оваа нова болест наречена чума за пченицата. Јас го замолувам претседателот на Собранието да ја препрати до Владата на Република Македонија за првата наредна седница на Владата, до ресорното Министерство за земјоделие за да се разгледа за да можат да се санираат штетите кои што се настанати во овој период на повеќе илјади хектари во Овчеполието, во велешко, во Пробиштип, Штип и Куманово.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, немаме за изјаснување засега.

Има збор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници. За 106-та седница на Собранието на Република Македонија имавме поднесено барање и точка на дневен ред да се постави, поточно да се донесе Закон за набавување, поседување и носење на оружје. За жал оваа седница не знаеме дали ќе продолжи и кога ќе продолжи, а оружјето постојано и постојано е присутно. Сведоци бевме деновиве пред два дена дека наплатните пунктови беа уништени точно со минофрлачи. Значи, се поседува оружје во оваа држава, а изборите ни се на прагот. Мора нешто Собранието да преземе. И затоа барам на оваа седница да се постави точката која ние ја баравме за носење, поседување на оружје. Ние баравме за 45 дена да се собере оружјето. Доколку оваа точка не се постави на оваа седница, дека тоа време ќе измине и не верувам дека ќе имаме чесни и мирни избори. Од

тие причини ве замолувам сите да гласате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи тоа е веќе на една седница уврстено, сега само сакате од таа, на оваа седница да се префрли.

Предлогот на господинот Симев го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници, за гласале 30 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници и против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Симев не е усвоен.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате поддршка од десет пратеници.

Ве молам да гласаме поединечно.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ-против
АБДУРАХМАН АЛИТИ-отсутен
АБДУЛА АЛИУ-отсутен
ЌАНИ АЛИУ- отсутен
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ- за
СТОЈАН АНДОВ- воздржан
КИРИЛ АНДОНОВСКИ- воздржан
МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА- за
ЉУПЧО АНУШЕВ- воздржан
АМДИ БАЈРАМ- отсутен
ДЕМУШ БАЈРАМИ- отсутен
ФАДИЛ БАЈРАМИ- против
ДИМИТАР БАТКОСКИ- отсутен
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ- против
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА- отсутна
ЈОРДАН БОШКОВ- за
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ- за
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ- отсутен
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ- воздржан
ВАСИЛ ГАЏОВСКИ- воздржан
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ- воздржан
ТРАЈКО ГЕШОСКИ- воздржан
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ- за
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ- отсутен
ПЕТАР ГОШЕВ- отсутен
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-за
ЗАМИР ДИКА-против
ВАНЧО ЃОРЃИЕВ-отсутен
ИЛИЈА ГОРГИЕВ-отсутен
ФАТМИР ЕТЕМИ-воздржан
ВАСИЛ ЕФТИМОВ-воздржан
НАСЕР ЗИБЕРИ-воздржан
ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО-отсутен
МИРКО ИВАНОВ-за
ИЛИЈА ИЛОСКИ-за
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ-за
ЖАРКО ЈАНКОВСКИ-отсутен
НИКОЛА ЈОВАНОВ-воздржан
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-за
МАРИКА ЈОРДАНОВА-воздржана
НАЗМИ КАДРИУ-воздржана
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-против
ЖАРКО КАРАЏОСКИ-отсутен
РЕНАТА КЕРПИЧОВСКА-БОШЕСКА-против
МИТКО КИРОВ-против
ЛАЗАР КИТАНОСКИ-отсутен
САВО КЛИМОВСКИ-отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-отсутен
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-отсутен
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ-воздржан
ГОРАНЧО ЛАЗОВ-воздржан
БИЛАЛ ЉУТФИИ-за
ЈАНИ МАКРАДУЛИ-против
ВАСЕ МАНЧЕВ -воздржан
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА-отсутен
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-отсутна
ДИСПИНА МАРКОВСКА-воздржана
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ-за
ДРАГАН МИТЕВСКИ-отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ-за
РУБЕНС НАУМОВСКИ-воздржан
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-отсутен
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-за
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-против
ВАНЧО ПАНЧЕВ-воздржан
ИЛИЈА ПЕМОВ-воздржан
ТИТО ПЕТКОВСКИ-за
ЧЕДО ПЕТРОВ-за
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-воздржан
АЗИС ПОЛОЖАНИ-отсутен
СТОЈАН ПОПОВ-отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-отсутен
НИКОЛА ПОПОВСКИ-за
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-воздржан
ИСМЕТ РАМАДАНИ-отсутен
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-воздржан

НЕНАД РИСТОВСКИ-за
АЦЕ САЈКОСКИ-воздржан
АСЛАН СЕЛМАНИ-против
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ-отсутен
ВАНГЕЛ СИМЕВ-за
РИСТО СПАНАКОВ-за
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-воздржан
ЃОРЃИ СПАСОВ-отсутен
МИЛАН СТАВРЕВ-воздржан
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ-против
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-за
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ-за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-отсутен
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-воздржан
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-против
МУХАМЕД ТАИРИ-против
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-воздржан
МЕВЉАН ТАХИРИ-против
МИТКО ТИЛЕВСКИ-за
ЃОРГИ ТОДОРОВ-за
РИСТО ТОДОРОВ-за
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-за
ПАНДЕТОМОВ-воздржан
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ–воздржан
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-отсутен
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ- отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-отсутен
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-отсутен
СЛОБОДАН ЌОСЕВ–воздржан
ТАКИ ФИТИ–отсутен
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-отсутен
ИЛЈАЗ ХАЛИМИ-отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-отсутен
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-против
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-за
АРБЕН ЏАФЕРИ-отсутен
ШАХИЌ АЛИЈА-отсутен
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА-за

Дали има некој кој не го искористил правото на глас? (Нема)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 28 пратеници, против гласале 15 пратеници, воздржано гласал 31 пратеник.

Констатирам дека предлогот на господинот Симев не е усвоен.

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, би сакала да предложам на денешнава седница на Собранието на Република Македонија да поставиме уште една точка на дневен ред која што би гласела Информација на Владата на Република Македонија за случајот со фалсификуваните дипломи кои што со право ја вознемирија не само високо образовната јавност во Република Македонија, туку и пошироко. Имено, јавноста е информирана дека во последниот период се зголеми енормно бројот на фалсификувани дипломи кои што фигурираат не само во високо образовните установи, туку најверојатно и низ државните институции. Јавноста воедно беше информирана дека само благодарејќи на претпазливоста би рекла и самоиницијативноста на дел од факултетските управи овие фалсификувани дипломи беа констатирани и за нив беше алармирана јавноста. Јавноста исто така е информирана дека Министерството за образование и наука наместо да го штити токму високо образовниот систем од вакви директни упади се реши да ја нападне управата на Економскиот факултет токму поради таа претпазливост и искажана самоиницијативност. Јавноста беше информирана дека Министерството за образование во исто време призна дека ги нотирал случаите на фалсификувани дипломи и дека истите ги препратил до Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, јавноста исто така беше шокирана неколку дена подоцна кога Министерството за внатрешни работи го демантираше својот колега министерот за образование. Сето ова зборува не само за хаосот во различните ресори на Владата на Георгиевски, туку и навистина за сериозен проблем и би рекла преседан во македонската пракса што мислам дека ова Собрание треба да го разгледа. Токму поради тоа сметам дека ваква информација која што ќе се осврне на обемот на овој проблем, значи проценки на Владата за тоа за колкав број фалсификувани дипломи станува збор, за тоа кои се причините за ваквото нагло растење на бројот на

фалсификувани дипломи и можеби најповеќе кои се начините на кои што нашите институции и образовни, меѓутоа и државни ќе ги заштитиме од ваквите повремени, или постојани упади, мислам дека заслужува да се најде на точка на дневен ред. Ние како пратеничка група или поточно неколку пратеници од пратеничката група кои што се воедно и членови на Комисијата за образование и наука која што мислам дека навистина требаше прва да се позанимава и да го иницира овој проблем, веќе поднесовме предлог писмен до претседателот на Комисијата за образование и наука во кој што баравме да се постави оваа точка на дневен ред во присуство на миниотерот за образование и наука и во присуство на претставници на Ректоратот. Меѓутоа, за жал до денешен ден немаме добиено ниту писмена, ниту усмена информација зошто оваа комисија не се закажува. Токму поради тоа мислам дека е крајно време по малку и да се бајпасира Комисијата и ова прашање да го поставиме на пленарна седница на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот на Владата г. Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, се што се пишува и кажува преку средствата за јавно информирање не мора да значи дека е точно. И во барањето од страна на пратеничката Шеќеринска навистина има премногу претпоставки и врз основа на претпоставки се доаѓа до констатации. Овој предлог го сметаме како пратеничко прашање и Министерството за образование ќе подготви таков одговор на пратеничко прашање. А ако се оцени од страна на госпоѓица пратеничка Шеќеринска дека тоа е некоја појава во однос на фалсификување на дипломи како што беше спомнато од Бугарија и Албанија колку што јас успеав да прочитам, дури тогаш може да се постави како прашање за кое може да се расправа во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие и како претставник на Владата не го прифаќате.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на госпоѓица Шеќеринска го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 29 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 34 пратеници.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се сомневам во гласањето и барам поддршка од десет пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има поддрашка од десет пратеници. Ве молам да гласаме поединечно.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ-против

АБДУРАХМАН АЛИТИ-отсутен

АБДУЛА АЛИУ-отсутен

ЌАНИ АЛИУ-отсутен

МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-за

СТОЈАН АНДОВ-воздржан

КИРИЛ АНДОНОВСКИ-воздржан

МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА-за

ЉУПЧО АНУШЕВ-против

АМДИ БАЈРАМ-воздржан

ДЕМУШ БАЈРАМИ-воздржан

ФАДИЛ БАЈРАМИ-против

ДИМИТАР БАТКОСКИ-отсутен

МЕРСЕЛ БИЉАЛИ-за

ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА-отсутен

ЈОРДАНБОШКОВ-за

ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-за

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ-отсутен

СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ-против

ВАСИЛ ГАЏОВСКИ-воздржан

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-отсутен

ТРАЈКО ГЕШОСКИ-воздржан

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-за

ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ-отсутен

ПЕТАРГОШЕВ-отсутен

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-воздржан

ЗАМИР ДИКА-против

ВАНЧО ЃОРГИЕВ-отсутен

ИЛИЈАЃОРЃИЕВ-отсутен

ФАТМИРЕТЕМИ-против

ВАСИЛЕФТИМОВ-против

НАСЕРЗИБЕРИ-за

ЉУБИСАВ ИВАНОВ-ЅИНГО-отсутен

МИРКОИВАНОВ-за
ИЛИЈАИЛОСКИ-за
ДЕЛЧЕИЦКОВ-отсутен
ЖАРКО ЈАНКОСКИ-против
НИКОЛА ЈОВАНОВ-за
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-против
МАРИКА ЈОРДАНОВА-против
НАЗМИКАДРИУ-против
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ-против
РЕНАТА КЕРПИЧОСКА-БОШЕСКА-против
МИТКО КИРОВ-отсутен
ЛАЗАР КИТАНОСКИ-отсутен
САВО КЛИМОВСКИ-отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-отсутен
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-воздржан
ИЛИЈАЛА ЗАРОВ-против
ГОРАНЧО ЛАЗОВ-против
БИЛАЛ ЉУТФИИ-отсутен
ЈАНИ МАКРАДУЛИ-отсутен
ВАСЕ МАНЧЕВ-воздржан
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА-отсутен
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-отсутен
ДИСПИНА МАРКОВСКА-против
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ-за
ДРАГАН МИТЕВСКИ-отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ-за
РУБЕНС НАУМОВСКИ-воздржан
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-отсутен
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-за
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-отсутен
ВАНЧОПАНЧЕВ-воздржан
ИЛИЈАПЕМОВ-воздржан
ТИТО ПЕТКОВСКИ-за
ЧЕДОПЕТРОВ-отсутен
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-воздржан
АЗИСПОЛОЖАНИ-воздржан
СТОЈАНПОПОВ-отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-отсутен
НИКОЛА ПОПОВСКИ-отсутен
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-за
ИСМЕТ РАМАДАНИ-воздржан
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-отсутен
НЕНАД РИСТОВСКИ-против
АЦЕСАЈКОСКИ-за
АСЛАНСЕЛМАНИ-воздржан
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ-отсутен
ВАНГЕЛ СИМЕВ-за
РИСТО СПАНАКОВ-против
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-воздржан
ЃОРЃИСПАСОВ-отсутен
МИЛАН СТАВРЕВ-против
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-воздржан
ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ-против
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-за
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ-за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-отсутен
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-воздржан
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-воздржан
МУХАМЕД ТАИРИ-против
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-воздржан
МЕВЉАН ТАХИРИ-за
МИТКО ТИЛЕВСКИ-за
ЃОРЃИТОДОРОВ-воздржан
РИСТОТОДОРОВ-воздржан
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-против
ПАНДЕТОМОВ-отсутен
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ-отсутен
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-отсутен
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ -отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-отсутен
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-отсутен
СЛОБОДАН ЌОСЕВ-воздржан
ТАКИ ФИТИ-отсутен
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-за
ИЛЈАЗХАЛИМИ-отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-отсутен
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-воздржан
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-за
АРБЕН ЏАФЕРИ-отсутен
АЛИЈАШАХИЌ-отсутен
РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА-за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои за гласале 27 пратеници, против гласале 22 пратеници и воздржано гласале 24 пратеници.

Констатирам дека предлогот на г-ѓица Шекеринска не е усвоен.

Има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Сакам да ве потсетам г-дине претседателе дека пред два месеци истото го кажавте по однос на ова прашање и за Законодавно правната комисија. Значи се повторува повторно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа неможе...

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Како може ние секогаш да ве задоволиме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Неможе за тоа.

Ве молам г-дине Анушев, јас ви објаснив дека мора да дојде во правна форма овде.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Предлагам денешниот дневен ред да се дополни со точка која што би гласела конечен извештај за извршената ревизија на Јавното претпријатие за аеродромски услуги "Македонија". Овој предлог го образложувам со следното.

Согласно член 23 од Законот за државна ревизирја Владата постапила и го испратила овој извештај до Собранието , а вие г-дине претседателе го имате направено до нас пратениците. Со оглед на тоа значи изодена е една процедура во Парламентот која што е правно издржана и после која што следува уврстување на точка на дневен ред. Тоа го пра-вите вие или по предлог на пратеник го прави Парламентот ако позитивно се произнесат повеќе од присутните пратниеци. Околу тоа проблемот правна процедура мислам дека не постои и исполнети се условите за уврствување на оваа точка на дневен ред, но на тоа би додал дека со оглед на содржината на извештајот до повеќе важно да се расправа по овој извештај заради добро навлегување на оваа проблематика на пратениците а со оглед на сите активности кои што се во тек околу активностите на Владата за консенционарско давање на располагање на аеродромот на соодветна некоја заинтересирана фирма која што би понудила вакви или онакви услови за превземање на аеродромот со став на концесија. Бидејќи евидентно со извештајот станува збор за обезвреднување на вредноста по основ на капиталот на јавно добро во РМ . Во случајот на јавно претпријатие од таму чувствувајќи дека и условите под кои би се дало, ако продолжи ваквиот процес, ако продолжи оваа тенденција во ова Јавно претпријатие би биле полоши за РМ , а со тоа да се подобри состојбата во оваа сфера предлагам пратениците да го прифатат овој предлог и Парламентот да рас-права по овој Извештај кој што се согласивме дека нормативно е запазен во процедурата. Благодрам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мене како претставник на Владата не ми е јасно . Ако веќе е доставен извештај до Собранието , Собранието треба да одлучи дали тоа ќе го стави на дневен ред или не. А за дополнителните објаснувања во однос на концесија, мислам дека тоа. не беше предмет на прашање на пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам предлогот на г-динот Бузлевски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 24 пратеници, воздржано гласале 20 пратеници , 29 пратеници гласале против.

Констатирам дека Предлогот на г-динот Бузлевски не е усвоен.

Има збор г-дин Благој Стојковскк.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, барам на оваа седница дневниот ред да биде дополнет со Информација за состојбата со раселените граѓани од Липковскиот регион. Оваа Информација ја побарав на 109-та седница и бидејќи немаше претставник на Владата, чекавме да дојде претставник на Владата , а потоа кога дојде претставникот на Владата немавме

кворум. Незнам кога таа седница ќе продолжи. Прашањето околу состојбата со раселените граѓани од Липковскиот крај е многу актуелна и затоа барам на оваа седница, дневниот ред за оваа седница да се дополни со оваа Информација, во која посебно сакам да се истакнат проблемите на кои наидуваат граѓаните од с. Матејче, с. Опае и с. Думановце, села во кои покрај гра-гани од албанска националност, има граѓани и од македонска, српска, и друга националност. На овие граѓани до сега од започнвуање на проблеми-те од тој крај им е овозможено еднаш само на раководството на Месната заедница да го посети селото Матејче, еднаш е овозможено само на жените од с. Матејче да ги посетат своите домови и еднаш е дозволено преку меѓународните организации да се отиде и да се видат домовите во каква состојба се во с. Матејче, во с. Думановце посебно, чии домови се прогласени со највисок степен на оштетување, над 4-ти степен.

Барам овие граѓани да бидат информирани, бидејќи летово според мене поминува, тие се раселени и сместени во колективни домови, меѓутоа меѓу другото неможат да отидат да си ги видат своите вековни огништа.

Барам во Информацијата да биде опфатено дали и кога ќе бидат обновени разурнатите куќи и домови на раселените граѓани, дали ќе се обновуваат, дали нешто друго ќе се прави, за да знаат тие граѓани што ги чека натаму. Исто така, граѓаните посебно прашуваат што со имотите што се таму на тој крај, кои неможат да одат да ги обработуваат, а главно сите раселени се земјоделци.

Барам поради актуелноста на ова прашање на оваа седница , која сметам дека ќе потрае барем ден-два, а воедно бидејќи претставникот на Владата на минатата 109-та седница на Собранието дојде, и ако прашањето било сватено сериозно, а верувам дека е сватено сериозно, сметам дека таква информација може да се изготви и да биде на дневен ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот на Владата , г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа да се изготви ваква информација за оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, таа информација ќе ја уврстиме во дневниот ред.

Има збор г-динот Билал Љутвии,

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Чувствувам морална одговорност пред вас и пред јавноста во врска со писмото што го спомна пратеничката Радмила Шекеринска, бидејќи ми се обрати како претседател на Комисијата со Предлог писмо, каде се бара да се стави на дневен ред т.н. поим фалсификација на дипломите.

Одговорен за функцијата и одговорен како пратеник сметав дека Комисијата не е меродавна да врши проценка на валидноста на дипломите дадени во одредени држави. Впрочем,Министерството не врши нострификација на дипломите дадени на нашите факултети, туку во другите држави, а врши нострификација во однос на Договорот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине Љутвии...

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Дозволете да завршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема потреба да завршувате. Тоа е работа за која ќе расправате во Комисијата. Не треба да го оптоварувате Собранието со овие мисли што се во писмото на г-гца Шекеринска. Вие што сметате да ставите, таму ќе си ставите, што не сметате дека треба да стои нема да ставите, а таму во комисиите ќе ве критикуваат за тоа. Според тоа, тоа не е за работата на Собранието.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Апсолутно се согласувам, но да не се добие впечаток дека неодговорно се работи во таа Комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван г-дине претседател, дами и господа,

Ценејќи ги напорите што се вложени за подобрување на историското наслредство, посебно на фундаментите врз кои ние ја црпиме државноста и сите поведени градби на месноста Охрид, имајќи ја предвид пред се градината на Цар Самоил, исто така историската црква на покровителот на Македонската православна црква "Св. Климент", тоа е црквата "Св. Пантелемон", а и сега новото предавање или повторно осветување на

црква со голема историска традиција, црквата "Св. Софија" во Охрид, сметам дека е нужно на дневен ред во Собранието да се уфрли" информација за состојбите во Македонската православна црква на планот на нејзиното единство. Имајќи предвид дека грижата за опстојување како на македонскиот народ, така и на неговата црква, а и на државата , е испреплетена и во политичкиот дел и во црковниот дел, сметам дека е нужно да се зададат политички насоки по ова прашање. И ние не можеме да се мириме и да се извлекуваме од состојбите кои се во Македонската православна црква, посебно во нејзиниот Синот.

Од тука барам ваква информација да биде уфрлена на дневен ред на денешната седница. Не би сакал да потенцирам какви изреки се применливи , кој каде бисери фрла и пред кого, но би побарал од Собра-нието да покаже доволно сила, ако веќенегови претставници учествуваат во тие чествувања, ние овде како законодавен дом да се произнесеме за тоа што е волно и на кој начин да биде заздравено во редовите на Македонската православна црква.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви укажувам на сите и на господинот Бошков, ако ние одлучиме вака како што предлага, ќе ги пречекориме нашите уставни овластувања. Ќе направиме, не само што нашата позиција ќе ја нарушиме, туку ќе направиме лоша услуга и на МПЦ.

Има збор господин Амди Бајрам.

(Господинот Јордан Бошков сака да зборува).

Нема расправа за тоа господине Бошков. Нема расправа.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господо пратеници, почитувани господо министри,

Би сакал една информација да се уфрли во дневниот ред, Собранието да расправа, да се вклучи Собранието во расправа во дневниот ред да се уфрли за ромите избеглици од Косово кои се наоѓаат во Република Македонија...

(џагор во салата).

Дали може малку за тишина господине претседателе?

(Претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Би барал, за ромите од Косово во дневниот ред да се уфрли точка и во Собранието да се расправа, за да може, ромите од Косово кои се дојдени 1998 година...

(џагор во салата).

Господине претседателе ќе излезам на говорница.

(Пратеникот Амди Бајрам излегува на говорница, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Барате информација за тоа. Така ли?

Ве молам, тишина, да го оставиме господинот Амди Бајрам да го изложи својот предлог.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ми пречат, господине претседателе, ми ја губат мислата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само господинот Амди Бајрам има збор, ве молам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Мојот предлог е, господине претседателе, ромите од Косово кои се избеглици во Република Македонија, за престојот во Република Македонија што им е земен престој и постојано се продолжува за четири години, доволно беше до сега, да им се реши статусот, има и други држави кои би можеле да ги прифатат или да се вратат на Косово, во своите домови, да ги вратиме назад. Мислам дека Владата доволно помогна, Македонија доволно помогна и молам да се земе ова во предвид од сите пратеници, Владата да го земе во предвид, министерствата, министерот да го земе предвид, затоа што е на товар на Република Македонија. Да го репиме тој проблем.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, предлог е да се изготви информација за прашањето на...

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да се уфрли во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да се уврсти во дневниот ред.

Има збор господинот Бедредин Ибраими, министер за труд и со-цијлна политика.

**БЕДРЕДИН ИМБРАИМИ:**

Колку успеав да го разберам почитуваниот пратеник тој бараше Владата

да превземе мерки ромите од Косово да се вратат од Косово. Тоа беше неговото барање.

Владата презема такви активности, работи во таа насока бегалците роми од Косово да се вратат во Косово. Што се однесува дека е товар на државата, за нив, тоа не е точно. Пред се, сместување сме обез-бедиле ние, а УНХЦР ги обезбедуваат сите трошоци за сместување во нашата земја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Амди Бајрам да го прецизира предлогот а не да расправаме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ќе го прецизирам предлогот, затоа што сега гледам добра тишина овде, господине претседателе, нормално треба, затоа што може јас зборував, некои ме слушаа и така се бунимe.

Лично барам од Владата и од Парламентот, во Република Македонија статусот на ромите од Косово во Македонија да се реши, било да се вратат во Косово или во други држави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можеме таква точка да уврстиме во дневниот ред. Вие веројатно барате да се уврсти информација со предлог мерки како да се реши прашањето.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Така е гоиподине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, го чувте и министерот.

Предлогот на господинот Амди Бајрам го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 9 пратеници, против гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на господинот Амди Бајрам.

Господинот Јордан Бошков се јавува повторно, веројатно е процедурално прашањето.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван господине претседател,,со оглед на тоа што вие дадовте коментар на мојот предлог дека оди во насока што е вон уставно, а јас несе согласувам, бидејќи севкупното движење, севкупното постапување, секакви акции што се превземаат од Владата од нивни членови, исто така и од членовите на Парламентот се тема за овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие предлагате да го,ндаиам на изјаснување вашиот предлог?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Само момент.

Мислам дека законодавниот дом воопшто не ни можеше да долови за која тежина станува збор.

Идентитетот на македонската држава се поврзува со тврдината на Цар Самоил. Нормално, не комплетно. Исто така се поврзува со МПЦ. Да са разбереме, пак не целосно. Имаме бележити исчекори во овие неколку години токму на локацијата Охрид. Владата, со своја рака и дело, па и со финансии, секако народни, учествува во мноштвото чекори таму, во Охрид. Од тука, мислам дека не е индиферентно, не е во ред Собранието да осsгане индиферентно кон тие за моја претстава, сериозни чекори, да не корисам збор грандиозни.

Дополнителна тешкотија што настана за МПЦ со, на некој начин, своеумното или своеглавото однесување кај поединци, но сепак на високи места во хиерархијата на МПЦ, не не ослободува нас од водеше грижа, бидејќи тоа што се случува во црквата утре може да излезе и надвор од неа. Сосема е во ред Владата да даде информација за тоа, посебно за своето видување како мисли нешатата да се санираат.

(Дофрлање од место) .

Видете, можеме кон религијата да имаме и негативен став. Но, нештата се во народот, не се во пратениците. Народот самиот оди и се цркви, пали кандила, свеќи, а тоа го чинат и државните функционери. Според тоа, ние сме должни да поведеме сметка. Нема ништо грозно, ништо тескобно ако за ова што сега нас не боли во редовите на МПЦ, тука да се слушнат јасни видувања и јасни думи. Исто така, нема ништо болно ако се види и се чуе што е се сторено...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бошков, формулирајте го предлогот да го ставам на изјаснување.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Се извинувам, не е во ред да ми упаѓате во збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Формулирајте го предлогот. Немаме расправа по тоа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас не правам расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па затоа дајте го предлогот.

**ЈОРДАН БОШКОВ**:

Јас предлогот го дадов, но тогаш тој беше квалифициран како неуставен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, го оспорувате мојот став. Во ред. Во ред. Сега ќе го дадам на усвојуваше ова.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Барам информација од Владата, колку да се повториме, за ревитализирање на историските објекти на локалитетот во Охрид или локалитетите и исто така за сегашните случувања во МПЦ со осврт на нејзината самостојност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте предлогот на господинот Бошков (Пратеникот Флоровски бара збор). Не може расправа за тоа. Ве молам за тишина. Предлогот на господинот Бошков го давам на гласање. (Пратеникот Флоровски бара збор процедурално). Не процедурално, туку може да кажете како ќе гласате. Има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине претседателе,

Сметам дека едно вакво битно прашање какво што господинот Бошков го апострофираше овде, мислам дека не е умесно да го ставате на изјаснување, затоа што ќе испадне дека некои од пратениците се за разрешување на проблемите во МПЦ, а некои дека не се. Не сакаме да не ставате во една неблагодарна позиција, ние, како македонски Парламент да решаваме за црковни работи, што се работи на Светиот Синод.

Сметам дека прашањево мора да остане на страна од овој Парламент во овој момент и ние пратениците, воопшто, барем говорам за она штозначи православен, ортодоксен дел, да не не ставате во искушение да гласаме за или против едно вакво битно прашање.

Според тоа, предлагам господинот Бошков, доколку ме слуша, ако има желба и волја, да го повлече предлогот, а вие како претседател на Собранието воопшто оваа точка да не ја ставате на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како јас ќе треба да се изјаснам за или против во една ваква дадена ситуација?

Ако гласам за, ќе биде дека се мешам во одредени институции. Ако гласам против, ќе биде дека јас сум тој кој на некој начин опструирам на некој начин разрешување на некои црковни проблеми.

Мислам дека грото пратеници, што се однесува до мојата пратеничка група размислуваат во оваа насока. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам деловнички сум должен да го ставам на изјаснување предлогот на господинот Бошков на гласање.

Јас ќе кажам како ќе гласам.

Јас ќе гласам против овој предлог, бидејќи мислам дека многу може да наштети на МПЦ. Ние немаме барање од МПЦ да расправаме за такви работи овде. Такво вплетување на Собранието ќе ја наруши неговата уставна позиција и ќе направи штета на МПЦ. Затоа ќе гласам против овој предлог.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Предлогот на господинто Јордан Бошков го ставам на гласње.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 18 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, против гласале 31 пратеник.

Констатирам дека предлогот на господинто Јордан Бошков не е

усвоен.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, предлогот на дневниот ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 79 пратеници, за гласале 53 пратеници, воздр-жано гласале 23 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека предлогот на дневниот ред е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година и Извештајот на Комисијата за економска политика и развој ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

Господинот Мерсел Биљали бара збор процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, мислам дека го делам мнозинството на мислења на пратениците тука, бидејќи се работи за материја што е многу важна и треба огромна концентрација. Има и амандмани. Некои материјали се добиени вчера или денеска, така што оваа материја треба да се проучи.

Предлагам денеска да прекинеме со работа а утре да продолжиме со расправа по оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Информиран сум дека се поднесени 5-6 амандмани. Но, да го по-минеме претресот во начело.

Отворам претрес во начело.

За збор се јавува министерот за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дами и господа, почитувани пратеници,

Дозволете ми најнапред да ве поздравам и да ја изразам мојата почит за разбирањето, сериозноста и итноста со кои му приоѓате на Предлог измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2002 година заедно со измените во пратечките закони и да ви се заблагодарам за можноста да ги образложам причините за предложениот ребаланс.

Почитувани пратеници,

После исклучително успешните резултати во сите сфери на живеење постигнати во 1999, а посебно во 2000 година, состојбата на македонската економија во 2001 година значително се влоши како последица на политичко безбедносната криза. Меѓутоа, со координирани мерки на монетарната и фискалната политика ние успеавме да ја одржиме макроекономската стабилност. Курсот на денарот го задржавме стабилен, инфлацијата во услови на повеќемесечна војна ја задржавме на релативно ниво од 5,5%, бруто домашниот производ забележа пад од 4,1%, а со рационализација и контрола на буџетската потрошувачка реализираниот дефицит во централниот буџет за 2001 година го сведовме на 13 милијарди денари или 5,8% од БДП наместо со ребалансот планираниот дефицит од 18 милијарди денари или 7,6% од БДП. Односите и соработката со земјите во регионот и пошироко, со меѓународните финансиски и други асоцијации и институции продолживме да ги развиваме, а внатрешните реформи во сите области на живеење во ниеден момент не ги прекинавме. Тие во последниот квартал беа и интензивирани, а некои од нив и финализирани, како што е примерот со платниот промет.

Во вакви услови, кон крајот на минатата година беше донесен Буџетот на Република Македонија за 2002 година кој се базираше на претпоставките:

1) дека до крајот на јуни 2002 година ќе дојде до целосно нормализирање на политичко безбедносната состојба;

2) дека бруто домашниот производ ќе порасне за 4%;

дека стапката на инфлација ќе достигне 2,5% и

4) дека максимално ќе се интензивира спроведувањето на реформите. Основни карактеристики на Буџетот за 2002 година беа следните:

1) Урамнотеженост со проектираната екстерна позиција на Република Македонија за 2002 година, односно со тековната сметка на платниот биланс, со цел одржување на стабилноста на девизниот курс на денарот, а со тоа и на вкупната макроекономска стабилност на Република Македонија;

2) Буџетски дефицит од 2,7% од БДП (зборуваме за централниот буџет на Владата, без т.н. сопствени приходи, без буџетите на фондовите и без буџетите на општините);

3) Непроменети даночни стапки во однос на 2001 година;

4) Обезбедување финансирање на сеуште присутните безбедносни активности и грижата за внатрешно раселените лица;

5) Целосна и навремена исплата на сите обврски (плати, пензии, странски и домашни долгови, безбедност, образование, социјала, и слично);

6) Рестриктивна и рационализирана буџетска потрошувачка (и кај тековните и кај капиталните расходи);

7) Поддршка на реформите, односно социјалниот аспект на решавањето на претпријатијата загубари

и Понатамошна реализација на проектите финансирани со средства од продажбата на Телекомот.

Вака конципиран, Буџетот за 2002 година беше целосно ориентиран кон реализација на среднорочната цел за постигнување одржлива екстерна позиција и довршување на отпочнатите реформи во сите области, со цел да се зајакне економскиот раст и да се намали сиромаштијата во Република Македонија.

Реализацијата на Буџетот за 2002 година во досегашниот период од годинава целосно се одвива според планираниот обем, структура и динамика во делот на расходите, а уште повеќе во делот на приходите. Конкретно, до 21 јуни се наплатени 26,16 милијарди денари вкупни приходи што претставува 102,42% во однос на планот за првото полугодие од годинава. Наплатените даночни приходи изнесуваат 24,86 милијарди денари или 104,23% од планираното за првото полугодие. До 21 јуни наплатениот ДДВ изнесува 9,06 милијарди денари што е за 1,01 милијарда денари или 12,51% повеќе во однос на планот за првото полугодие. До овој датум се извршени вкупни расхсди во висина од 29,49 милијарди денари, со што е реализиран дефицит од 3,34 милијарди денари - 1,93 милијарди денари помалку во однос на планираното за првото полугодие од годинава. Во истиот период, обезбедено е финансирање во износ од 6,32 милијарди денари од кои 2,64 милијарди денари користени странски донации, 1,58 милијарди денари користени странски кредити и 2,1 милијарди денари средства од приватизација. Со овие средства е покриен дефицитот од 3,34 милијарди денари, отплатена е достасаната главница по странски кредити и домашни обврзници во износ од 2,26 милијарди денари и зголемени се депозитите на државата кај Централната банка на Република Македонија за 0,73 милијарди денари.

Кога е веќе така, тогаш природно се поставува прашањето за причините заради кои Владата на Република Македонија предлага измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Почитувани пратеници,

Позначајните причини заради кои ги предлагаме измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2002 година се следните:

1) Владата на Република Македонија го прифати долгогодишното оправдано барање за зголемување на платите на работниците во јавната администрација. Тука би сакал да појаснам дека платите во јавниот сектор во последните десеттина години не само што не беа зголемени, туку ако се има предвид кумулативната стапка на инфлација реално беа и намалени за најмалку шеесетина проценти. Тоа значи дека со ова зголемување всушност ќе биде надоместен дел од реално изгубената вредност на платите, посебно кај оние буџетски корисници чии плати значително заостануваа (образование, социјална заштита, култура, здравство и др.). За реализација на оваа цел потребни се дополнителни средства во износ од 900 милиони денари кај буџетските корисници и 250 милиони денари за вработените во здравството, за 6 месеци,за вторите шест месеци од оваа година;

2) Предвиденото зголемување на платите, согласно законските прописи ќе доведе и до зголемување на пензиите, заради што во ребалансот се предлага зголемување на трансферот до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за дополнителни 569 милиони денари за второто полугодие од годинава;

3) Од слични причини, во ребалансот се предлага и зголемување на трансферот до Заводот за вработување за исплата на надоместоци за невработени во износ од 376 милиони денари;

4) Ситуацијата на теренот во кризните подрачја сеуште налага делумно ангажирање на резервниот состав на безбедносните сили, за што се потребни дополнителни 471 милиони денари, а за продолжениот период на згрижување на внатрешно раселените лица се потребни дополнителни 54 милиони денари;

5) За елиминирање на дел од повеќегодишно акумулираното задоцнување во исплатата на стипендиите и студентските кредити во ребалансот се предлага зголемување на трансферите за дополнителни 80 милиони денари и

6) Ревидирана е проекцијата на макроекономските агрегати, според која порастот на БДП за 2002 година треба да достигне 3%, а стапката на инфлација 3,5%.

Почитувани пратеници,

Секако дека зголемувањето на расходите за вкупно 3 милијарди денари го наметнува прашањето за изворите од кои ќе се обезбеди нивното финансирање. Веднаш ќе кажам дека во услови на веќе рационализирана потрошувачка во Буџетот за 2002 година, дополнителните приходи неопходни за финансирање на дополнителните расходи ќе ги обезбедиме во рамките на постоечката даночна политика и непроменети даночни стапки. Но, од друга страна, ќе продолжиме со спроведување на сите мерки за подобрување на наплатата на приходите, меѓу кои како позначајни би ги издвоил:

1) понатамошната едукација на даночните обврзници;

2) интензивирањето на даночните и царинските инспекции;

3) усовршување на даночното книговодство и

4) воведувањето на фискалната апаратура.

Секако дека очекуваниот поинтензивен економски раст во втората половина од годината ќе има значително влијание и врз зголемувањето и проширувањето на даночната основа, а со тоа и на буџетските приходи, а Министерството за финансии ќе продолжи континуирано да го следи и анализира извршувањето на расходите заради изнаоѓање простор за заштеди. Износот на новопланирани приходи е за 4,2 милијарди денари поголем во однос на Буџетот за 2002 година, што значи дека со ребалансот предлагаме намалување на дефицитот од 6,89 на 5,27 милијарди денари што претставува 2,4% од проектираниот БДП за 2002 година. Да потсетам дека до сега планираниот дефицит беше 2,7% од БДП, што значи имаме намалување и кај дефицитот за оваа година.

Почитувани пратеници,

На крајот на моето излагање сакам да истакнам дека глобалните цели на буџетската политика и карактеристиките на Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2002 година остануваат непроменети во однос на Буџетот за 2002 година. Во овие рамки, како и во претходните години, со буџетот ќе обезбедиме и:

1) Целосна исплата на обврските по користени странски кредити во роковите на нивното достасување;

2) Целосна исплата на обврските по издадените државни обврзници, меѓу кои и за старото девизно штедење;

3) Редовна и целосна исплата на пензиите, вклучително и заостанатите 8%;

4) Редовна исплата на сите социјални бенефиции (надоместоци за невработени и за социјално загрозени семејства, детски додатоци, инвалиднини и друго);

5) Редовна исплата на платите во јавната администрација, заедно со предложеното зголемување,

6) Редовна и целосна исплата на сите социјални надоместоци за лицата кои се останати или ќе останат без работа заради решавање на статусот на претпријатијата загубари и минатогодишните административни реформи;

7) посебно финансирање на безбедносните активности;

8) Наменска и ефикасна реализација на инвестиционите проекти финансирање на средства од приватизацијата на Телекомот;

9) Целосно и навремено измирување на сите други законски и договорни обврски во роковите на нивното достасување и во рамките на буџетот донесен од страна на Собранието;

Почитувани пратеници, верувам дека како еден вовед, моево излагање ќе претставува добра основа за натамошни дискусии. Ви благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите нека го симнат излагањето на министерот за финансии и стенограмот да биде ставен на располагање на пратеничките групи најдоцна утре во 11,00 часот.

Утре во 12,00 часот ќе продолжиме со работа, а сега ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина со работа во 19,25 часот).